**Во Виена денес, легално или илегално, живеат повеќе од 300.000 луѓе од подрачјата на бивша Југославија: во таа бројка причина за свое постоење најде и малата книжарница во центарот на градот со наслови на автори од Андриќ до Дежуловиќ**

ПИШУВА **МИРЈАНА ДУГАНЏИЈА**
ФОТО: **ДАРКО ТОМАШ**

Обично велам дека нашиот човек, кога не знае што да работи, отвора кафеана. Јас сакам да одам во кафеана, но не би знаел да ја водам, па сум отворил книжарница – вели Миро Прстојевиќ, со кого разговараме во виенската Berggasse, во кварт во што има многу мали кафулиња и галерии, опкружени со имиња како што се Јерговиќ, Фериќ, Ловреновиќ, Великиќ, Зец, Главуртиќ, Карахасан... Имено, Прстојевиќ е сопственик на виенската книжарница-галерија „Ние“ во која продава книги и слики на автори од просторите на бивша Југославија.




# Виенско катче за книги

Кон крајот на јуни 1995 година, Миро Прстојевиќ отворил книжарница во еден мал простор во првиот круг на градот, во самото средиште на Виена, но после неколку месеци сфатил дека луѓето од подрачјата на бивша Југославија го избегнуваат овој дел, бидејќи таму сè е многу скапо. Сега книжарницата се наоѓа во седмиот круг. Се работи за еден од најубавите делови на градот, како што вели Прстојевиќ. „Сè обилува со културни настани, таму е сместен Museumkvartir, Централната градска библиотека, целиот кварт има многу мали кафеа и галерии, просторот на некој начин е боемски. Во трговската улица Mariahilferstrasse просторот пулсира и лесно може да се најде... “. Во првото соседство на книжарницата се наоѓа и паркот Фаркаш во кој Ирена Вркљан го сместила дејствието на романот „Последното патување во Виена“.

**Кои се купувачите** Во Виена денес живеат 295 илјади луѓе од подрачјата на бивша Југославија, податоците се од виенската стопанска комора. На тој попис се сместени оние кои поседуваат австриски пасош и кои имаат легален престој во Виена, но австриската полиција смета дека илегални доселеници од земјите настанати со распаѓањето на СФРЈ има помеѓу 20 и 50 илјади. Во Виена студираат и неколку илјади млади од просторот на бившата држава, а се случува и од втората или третата генерација гастарбајтери, односно нивните потомци кои сакаат да го научат јазикот на своите претци...

Миро Прстојевиќ, сега писател и книжар, бил новинар, и графички и новински уредник во сараевското „Ослобоѓење“. „Делумно сум виновен и за објавување на собраните дела на Крлежа во 50 книги што 'Ослобоѓење' го реализираше“, истакнува Прстојевиќ. Од Сараево излегол кон крајот на 1993 година, со помош на УНПРОФОР и австриската телевизија. „Ракописот на мојата книга 'Сараево, ранет град' излезе од градот пред мене, но требаше да помине некое време за книгата да ја објавам. Имено, мнозинството издавачи сакаа текст, но без фотографии. Од една страна, така беше поефтино, но од друга - фотографиите беа воени, шокантни. Сакав кни-

---

ШТО НАЈМНОГУ КУПУВААТ ЕГЗИЛАНТИ

## ТОП 12 НАСЛОВИ ОД ПОДРАЧЈАТА НА БИВША ЈУГОСЛАВИЈА

1. **Дејан Новачиќ:** СФРЈ за повторувачи
2. **Иво Андриќ:** Мостот на Дрина
3. **Миљенко Јерговиќ:** Ruta Tannenbaum
4. **Драган Великиќ:** Руски прозор
5. **Ненад Величковиќ:** Сахиб
6. **Миљенко Јерговиќ:** Мама Леоне
7. **Миљенко Јерговиќ:** Сараевски Марлборо
8. **Веселин Гатало:** Јас сум куче и се викам Салваторе
9. **Меша Селимовиќ:** Дервишот и смртта
10. **Борис Дежуловиќ:** Песни од Лора
11. **Весна Голдсворти Бјелогрлиќ:** Чернобилски јагоди
12. **Ведрана Руден:** Љубов на последен поглед



## СКРОМНИ ПОЧЕТОЦИ

# ПОЧНАВ СО САМО ПЕТ ТОРБИ КНИГИ

*Книжарницата „Ние“ на полиците денес нуди повеќе од 7300 наслови*



**ВИЕНА, BERGGASSE** Миро Прстојевиќ со ќерката Борјана во главната просторија на книжарницата

„Почнав со две торби книги од Белград, две торби од Загреб и една од Нови Сад, кои ми ги подариле пријатели, и нешто антикварни работи“, се сеќава сопственикот на книжарницата „Ние“, Миро Прстојевиќ, чија ќерка Борјана завршила студии по социјална работа и социјален менаџмент, а синот Бојан има фирма за консалтинг во угостителството во Лондон. „Сега на полиците имаме повеќе од 7.300 наслови. Тука и таму има по некој словенски и македонски, бидејќи и малку се бараат. Сè е застапено, од детски книги, за кои во последно време е поголема побарувачката, готвачи и хороскопи, до Ниче и Кант. Настојувам секогаш да имам нови книги и оние кои предизвикуваат најмногу внимание. Присутен сум на сите саеми на книги во Белград, Сараево и Загреб, а поврзан сум и со издавачите од тие простори“. Како предупредување и потсетник во самата книжарница можно е да се видат и делови од сараевското собрание, пошта, џамија, разрушени во војната. Прстојевиќ би сакал да набави и камен од Стариот мост во Мостар и дел од манастирот „Житомислиќ“. „Морам да ги добијам, бидејќи се симболи на просторот во кој некогаш сум живеел“, истакнува Прстојевиќ.





**ПОНУДА** Кутија со книги за Сараево, парче од сараевското Собрание, ѕид со слики и понуда понекогаш на бизарни сувенири од подрачјата на бивша Југославија





# ...ите од бившата држава

гата да делува монографски бидејќи кога на телевизија гледате потресни снимки од Газа, можете да ја смените програмата, но во книга, ако ја свртите страницата, на другата страница ќе ве дочекаат еднакво трагични призори... “. Непосредно пред војната ја објавил книгата „Заборавено Сараево“, убава книга која со неговата прошетка долж реката Миљацка, и низ времето и просторот, ја раскажува историјата на градот, поткрепена со 500 разгледници од австроунгарско Сараево...

**Хитови** Влезната просторија, голема и добро осветлена со голем излог, во која се влегува од страната на Berggasse, е „назнака“, вели Прстојевиќ, за галериско-книжарската дејност. На ѕидовите и по подот има дела на сликари од просторите на бивша Југославија. Тука се наоѓа и серија на наивците од хлебинската школа од 70-тите години. Имено, еден виенски господин наследил голема колекција на наивците која целосно е ставена на продажба. Иако за неа не постои голем интерес, некои за наивата, сепак, се интересираат.

Што најмногу се бара? До неодамна многу се бараше езотерија, популарна психологија, соновници, а во последно време има многу поголем интерес за преведена литература и домашни автори, особено за оние кои се во „шпицот“ на интересот, како што се: „Град во огледало“од Ковач, „Ruta Tannenbaum“ на Јерговиќ или Орхан Памук. Се бара и забавна литература, како Нора Робертс, Дона Леон, Марио Пузо. Во виенската книжарница застапени се и преводи на писатели на германски и други јазици, како Фериќ, Јерговиќ, Карахасан, Албахари, Великиќ, Ненад Величковиќ и, секако, Андриќ и Селимовиќ...

> Книжарницата со останатите сликари и вајари нуди и голема колекција на хрватски наивци, но за наивата не постои преголем интерес **НАИВЦИ**

Веќе неколку години најпродавана книга е „СФРЈ за повторувачи“, на младиот автор Дејан Новачиќ од Белград. „Кога добил позив да оди за Вуковар, тој заминал во Даблин и останал таму. Оваа духовита книга, во која се поигрува со митовите и со познатите места од минатото на Југославија, ја објавил пред неколку години, во авторско издание кое се појавило на 29. ноември во по една книжарница од сите републики на бивша Југославија. А книгата за 20 дена насекаде била распродадена“.

**Писатели и посетители** Во книжарницата редовно наминува Драган Великиќ, нешто почесто пред да стане амбасадор. За време на своите виенски доаѓања, книжарницата ја посетувале и Давид Албахари, како и Игор Штикс, кој едно време и живеел во Виена, босанско-херцеговските автори кои кога поминуваат низ Виена исто така редовно доаѓаат. Славенка Дракулиќ тука навратила неколку пати, истакнува Прстојевиќ. Ведрана Руден беше пријатно изненадена кога ги видела изданијата на своите книги и на хрватски и на српски. Т